КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СУДСТВОТО АКТИВНОСТИ ЗА НАДЗОР, ИНТЕРАКЦИЈА, СОРАБОТКА,

## ПРЕПОРАКИ

**Партнери на проектот:**

ПОЛСКА

АЛБАНИЈА

РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

МАКЕДОНИЈА

СРБИЈА

СЛОВАЧКА

**Луказ Бојарски и Евелина Тилек**

# ПРЕПОРАКИ

## Невладините организации и судството-активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација

Проектот „Невладините организации и судството-активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација“ е поддржан од страна на Вишеградскиот фонд (www.visegradfund.org) и Министерството за надворешни работи на Република Кореја (www.mofa.go.kr).

# Вовед

*Дадените препораки се резултат од проектот „Невладините организации и судството-активности за надзор, интеракција, соработка, комуникација“ спроведен во периодот од јануари 2015 година до март 2016 година со финансиска поддршка од Меѓународниот вишеградски фонд и Министерството за надворешни работи на Република Кореја. Проектот понуди платформа за размена на искуства и најдобри практики на која работеа шест организации од шест различни земји: Република Чешка (CEELI Institute), Словачка (VIA IURIS), Полска (INPRIS), Албанија (Албанскиот хелсиншки комитет), Македонија (Коалиција на граѓански здруженија „Сите за правично судење“) и Србија (Комитетот на адвокати за човекови права YUCOM). Организациите вклучени во истражувањето претставуваа два региона: Западен Балкан и земјите на Вишеград. Во текот на подготвителната фаза на предлог проектот, претпоставувавме дека В4 земјите (сите со статус на ЕУ членство) имаат веќе развиено добро функционирачки пристап по однос на следењето на судството од страна на граѓанското општвество од кое земјите на Балканот може да учат. Сепак, како што напредуваше работата на проектот, станувавме се посвесни дека сите шест земји се соочуваат со слични проблеми, барем што се однесува до соработката НВО-судство. Важно е дека некои од земјите успеаја да развијат „најдобри практики“ што може да послужат како извор на инспирација за останатите. Тоа ни дозволи да формулираме одреден број на препораки, поткрепени со примери за добри практики од сите земји вклучени на овој проект.*

*Додека дел од проблемите се слични, приоритетите остануваат различни. За земјите од Балканот, како на пример Албанија, Македонија и Србија, процесот на пристапување кон ЕУ е приоритет и претставува еден од најбитните (и најефикасни) фактори што ги принудуваат властите да усвојат позитивни легислативни промени. Тоа значајно ги разликува од земјите на В4 групата кои веќе десет години имаат ЕУ членство-во 2004та година-и не чувствуваат така силно надворешно влијание за континуирано подобрување на својата легислатива.*

*За сите земји како најзначаен останува проблемот за градење заедничка доверба помеѓу граѓанското општество и судството. Значаен и тежок обид што бара многу работа и време, но и соодветни ресурси. Оваа публикација се обидува овој предизвик да го претвори во „возможна мисија“. Формулира бројни препораки од општ (систематски) карактер, како и специфични кои се однесуваат на судството и невладините организации. Секоја препорака е поткрепена со одреден број примери за најдобри практики што може да бидат извор на инспирација за подобрување на правната рамка и градење подобри односи помеѓу невладините организации и судството.*

*Авторите*

# Методологија

*Публикацијата е резултат на повеќе од една година труд во кој беа вклучени сите партнерски организации. Таа се работеше врз основа на истражување спроведено од партнерите во своите земји, како и врз основа на резултатите што произлегоа од состанокот на кој учествуваа сите организации.*

*Секоја од партнерските организации подготви извештај за својата земја кој послужи како важен извор на знаење, барем што се однесува до примерите за најдобри практики. Ова беше надополнето со посетите за изготвување на анализата од страна на ИНПРИС за Балканот, како и на студиското патување и работната сесија што се одржа во октомври 2015 година во Варшава, Полска. Во текот на работната сесија во Полска сите партнери предложија препораки кои дополнително беа вклучени во оваа публикација. Таквата методологија, вклучувајќи истовремено канцелариско истражување, како и теренски посети, обезбеди солидна основа за обработка на препораки и збир на примери за најдобри практики.*

# Главни препораки:

## Препораки од општ (систематски) карактер:

1. Судскиот систем да биде отворен за активностите на невладините организации во правните предмети од јавен интерес (amicus curiae, *actio popularis* etc.). Одговорните министерства (најчесто Министерството за правда) заедно со судството и невладините организации ќе изготвуваат предлози за правни акти отстранувајќи ги правните бариери со кои се соочуваат организациите од третиот сектор кои сакаат да учествуваат во правните постапки.

2. Квалитетот на судството да биде прашање од јавен интерес. Судството треба да биде соодветно финансирано за да може да извршува високо квалитетна работа без притоа да биде предмет на било каква индиректна финансиска пречка, а истовремено да биде одговорно кон јавноста по однос на тоа како се трошат средствата.

3. Судовите да имаат капацитети кои ќе дозволат следење на судските постапки и пристап за јавноста.

4. Искуството и капацитетот на невладините организации да се користи за обука на судиите, како во судските училишта, така и надвор од нив.

5. Државните институции со пристап до судскиот систем на податоци (статистички податоци, судски податоци, процедури за избор, извештаи и анализи), на редовна основа да ги објавуваат овие податоци.

6. Од корист е да се воспостави соработка помеѓу судството и невладините организации што ќе дозволи размена на искуства и навремени повратни информации. Таквата соработка може да биде од особена важност во образовните проекти кои би можеле да вклучат национални училишта за судство, како и активности за надзор во судовите.

7. Се охрабрува учеството на невладините организации во официјалните судски тела или во релевантните тела за функционирање на судството и изборот на судиите (судски совети, консултативни тела, друго). Ваквото учество ќе обезбеди различни позиции да бидат земени предвид, додека пак телата релевантни за судството да претставуваат форум отворен за учество на широк спектар актери.

8. Од важност е отворање на поголем број државно-административни финансиски можности за правосудниот систем, каде невладините организации заинтересирани да спроведат истражување по различни аспекти од правосудството, би можеле да конкурираат на отворени и транспарентни конкурси.

9. На јавни дебати невладините организации да бидат во можност да дадат мислење за функционирањето на судството. Таквите јавни дебати ќе бидат суштински, ќе се стремат кон решавање на проблемот и кон стекнување на знаење.

## Препораки што се однесуваат на невладините организации:

1. Здруженијата на судии се природни сојузници на невладините организации. Здруженијата на судии и невладините организации да направат напор за градење ефикасни канали на комуникација. Ова ќе им овозможи на судиите да ги разберат невладините организации, додека пак невладините организации подобро да ги разберат ставовите и мислењата на судиите.

2. Организациите од третиот сектор да изградат коалиции на НВОа специјализирани во иста област (на пример работа на прашања за независноста на судството) со цел постигнување на заедничката цел.

3. Од важност е истражувањето на невладините организации по однос на судскиот одговор за актуелните проблеми да даде резултати кои може да се користат во секојдневното работење на судовите или во реформите на судскиот систем.

4. „Ништо за нас без нас" – невладините организации да ги поканат судиите и судските здруженија за да ги анализираат и коментираат резултатите од својата работа. Од важност е да се разгледуваат идеи, истражувања и заклучоци со групата на која истите се однесуваат.

**Препораки што се однесуваат на судството:**

1. Да се подобри транспарентноста на судските постапки и редовното следење на судската власт, предуслов за ефективен систем на правда.

2. За судовите не е само од важност да делат правда туку и да покажат дека правдата им е овозможена на луѓето. Судството да соработува со општеството користејќи политика за заедничка комуникација преку пристапни канали. Така ќе бидат отворени за соработка со невладините организации преку кои ќе комуницираат со општеството.

3. Судиите да работат во согласност со својата професионална и морална обврска и да се заземат во случај на неправда или нерегуларност во судството.

4. Судиите да играат главна улога во дефинирањето и обезбедувањто на судската независност. Да бидат подготвени да делуваат доколку судската независност стане предмет на напад. Сојузник во овој процес ќе се најде во невладините организации.

# Препораки што вклучуваат примери од најдобри практики:

## Препораки од општ (систематски) карактер:

1. **Судскиот систем да биде отворен за активностите на невладините организации во правните предмети од јавен интерес (amicus curiae, actio popularis etc.). Одговорните министерства (најчесто Министерството за правда), во соработка со судството и невладините организации, да изготват предлози од правни акти отстранувајќи ги правните бариери со кои се соочуваат организациите од третиот сектор кои сакаат да учествуваат во правните постапки.**

Учеството на невладините организации во судските постапки, дури и во случаи кога станува збор само за следење, индиректно на судот му пренесува порака дека предметот на кој се работи е од важност. Активностите како *actio popularis* или стратешкото водење може да доведат до видливи промени во правниот систем. Токму затоа е од важност да се воведат правни инструменти кои нема да го спречат учеството на невладините организации во предметите од јавен интерес. Сепак е неопходно да се запомне дека ваквиот вид на активности бара посебни надлежности и добро обучен кадар од невладиниот сектор.

Во Македонија невладините организации се активно вклучени во судските постапки. Според македонското право секој може да покрене иницијатива пред Уставниот суд за разгледување на уставноста и законитоста на законите и на второстепената легислатива. Невладините организации поднесоа повеќе такви иницијативи. Сепак, скоро секогаш таквата иницијатива поднесена од стана на невладините организации не била прифатена.

И во Полска повеќе организации се вклучени во стратешкото водење и ги користат amicus curiae предметите или им се приклучуваат на судските постапки. Една од најразвиените програми е „Програмата за стратешко водење“ започната во 2004 година од страна на Хелсиншката фондација за човекови права. Фондацијата се приклучи или започна со стратешко важни судски и административни постапки. На тој начин се стреми кон постигнување на значајни промени во пракса и во легислатива.

2. **Квалитетот на судството да биде предмет од јавен интерес. Судството треба да биде соодветно финансирано за да може да извршува високо квалитетна работа без да биде предмет на индиректни финансиски притисоци, но исто така треба да биде одговорно пред јавноста во врска со тоа како средствата се трошат.**

Се подразбира дека финансискиот надоместок за судиите мора да биде пропорцијален со нивната професионална одговорност и ниво на стручност. За да се зачува судската независност и објективност, надоместокот треба да биде гарантиран со закон. Со цел да се гарантира судската финансиска автономија, секоја дискусија за било кој амандман поврзан со ова прашање треба да го вклучува самото судство. Судството треба да биде финансирано на начин што ќе дозволи соодветен менаџмент на судските предмети. Најдобро решение е судството да биде вклучено на сите нивоа од буџетскиот процес.

Што се однесува на финансирањето на судовите, бидејќи станува збор за јавни средства со кои судовите работат, од важност за судовите е да бидат отчетни кон јавноста, трошејќи ги средствата на транспарентен, лесен за следење начин. Токму овде невладините организации може да играат значајна надзорна улога.

Важноста за соодветно финансирање на судството беше нагласена во извештајот подготвен од страна на полската невладина организација – Институт за јавни работи. Во својата публикација насловена како „Sądownictwo“ (Судство), Институтот забележува дека се додека механизмот кој е моментално на сила го штити системот од корупција, пристапот до информации од јавен интерес е често попречен.

Следењето на активностите од сите јавни чинители во Полска беше издигнат на повисоко ниво од страна на Граѓанската мрежа за надзор Полска. Мрежата спроведува набљудување на судството кое не трпи компромиси. Во своите активности организацијата се повикува на потребата да го заштити правото да биде информирана, кое во себе вклучува отвореност и следење на клучните чинители. Да се следи функционирањето на судството е нова идеја во повеќе земји и оттука организациите треба да се обидат да воспостават добри односи со судиите, да и ги продадат своите активности на јавноста најпозитивно што можат и да бидат отворени за дијалог.

### 3. Судовите да имаат капацитети кои ќе дозволат следење на судските постапки и пристап за јавноста.

Соодветните судски капацитети се од важност за пристапот на јавноста и набљудувањето на судските предмети. Исклучително малите судски соби го оневозможуваат присуството на јавноста, а следствено на тоа и активностите за набљудување на судските предмети. Факторите како: големината на судската просторија, прилагодените капацитети за пристап на лицата со попреченост или условите на тоалетите, се заедно, претставуваат елемент од општо „искуство“ на судот за јавноста.

Во поглед на ова се чини корисно да се повикаме на пример од лоша практика од Албанија, од таков обем поради што авторите сметаат дека е неопходно да биде споменат. Во Албанија повеќето судови немаат капацитети кои ќе дозволат пристап на јавноста. Повеќе

од сослушувањата се одвиваат во канцелариите на судиите. Ова се случува често во судовите од прв степен и го спречува пристапот на јавноста бидејќи судските канцеларии не овозможуваат соодветен простор за присуство на набљудувачите. Спречувањето на јавноста да не учествува во судските постапки поради недостаток на простор, најде основа во Директивата број 6777/5 од 30 септември 2010 година на министерот за правда, за спроведување на Регулативата за односот на судовите со јавноста. Директивата го дозволи отсуството на јавноста и медиумите во судските простории, доколку истите не се доволно големи за истата да ја примат со цел набљудување на судските постапки. Без сомнеж ваквата пракса има негативно влијание на третиот сектор-односи на судството бидејќи не само што го отежнува набљудувањето туку и доведува до негативно влијание врз невладините организации.

Во Полска, Фондацијата за надзор на судовите на Полска како дел од својата набљудувачка методологија вклучува проценка на судската инфраструктура. Фондацијата тврди дека факторите како архитектурата и локацијата на судовите се важни елементи кои може да придонесат кон судското отуѓување. Во своите извештаи Фондацијата нагласува дека недоволната инфраструктура за набљудувачот може да ја направи судската расправа непријатна, а истовремено да претставува и пречка во пронаоѓање на просторијата и присуство на расправата. Слично набљудување се одвивало и во Словачка од страна на организацијата Општество за отворени судови. И оваа организација нагласува дека локацијата и организацијата на судските згради се важен елемент за пристап на јавноста до судовите.

## 4. Искуството и капацитетот на невладините организации да се искористи за обука на судиите, како во судските училишта, така и надвор од нив.

Специјализираните невладини организации може да бидат сериозен партнер на судството претставувајќи извор на знаење преку испорачување на обуки за судиите. Невладините организации се најчесто специјализирани во специфични, тесни области и имаат добро познавање од тековните национални и меѓународни развои, пристап до знаење, материјали и умешност кое може да го споделат со судиите во текот на обуките. Организациите од третиот сектор лобирајќи за законски промени се најчесто вклучени во процесот на подготовка на нови закони и можат да обезбедат значајни обуки за судиите откако новоусвоената легислатива ќе стапи на сила. Од значење е дека не секоја невладина организација туку само добро етаблираните организации кои имаат високо ниво на професионалност добиваат шанса да бидат поканети да обучуваат судии. За една невладина организација обично се потребни години за да се стекне со почит и ниво на професионалност што ќе и овозможи да биде перципирана како сериозен партнер во судството.

Во  повеќето земји на Вишеградската група и на земјите од Балканот, судските училишта се тие што се одговорни за обука на судиите, сепак се остава можност и за невладините организации да предложат свои обуки во училишниот курикулум. Во Македонија, обуката за медијација на Институтот за европска политика (ЕПИ) стана составен дел од редовниот училишен курикулум откако Институтот испорача предавања за судиите на Академијата во рамки на проектот „Поддршка за подобрување на имплементацијата на медијацијата во Македонија". Проектот придонесе кон подобрување на правната рамка во областа на медијацијата и координација меѓу главните чинители вклучени во алтернативното решавање на спорови (како што се судството, Министерството за правда или Комората за медијатори), како и зголемување на свесноста за медијацијата како средство за намалување на трошоците и судското доцнење. Судиите не само што беа заинтересирани за вклучување во обуката за медијација во судскиот училишен курикулум, туку беа и вклучени во други проектни активности кои имаа за цел да ја подигнат свесноста за медијацијата.

Во Полска невладините организации нудат и овозможуваат обуки што не се покриени со курикулумот на Националното училиште за судии и обвинители. На пример, Полскиот општествен антидискриминаторски закон (ПОАЗ) востанови соработка со Училиштето во областа на стручната обука за судии и обвинители. Фондацијата Ничие дете воведе модул за обука на судии, обвинители и експерти по психологија во врска со учеството на малолетници во судските постапки. Конечно, проектот „Ефикасно судство" спроведен заедно со судската асоцијација Justicia и Хелсиншката фондација за човекови права, послужи како инспирација за екстензивна програма на пилот судови, спроведена во рамки на Националното училиште за судство и јавно обвинителство.

На меѓународно ниво, чешката организација Институт на централна и источна Европа за правна иницијатива (CEELI) во рамки на програмата „Мрежа на централна и источна Европа за судска размена" вклучи повеќе млади, напредни судии од 19 земји од регионот (вклучувајќи Албанија, Ерменија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Грузија, Унгарија, Косово, Латвија, Литванија, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Полска, Романија, Србија, Словачка и Украина) обезбедувајќи ги со платформа за размена на добри судски практики по прашања за судскиот интегритет, отчетноста и судската ефикасност.

5. **Државните институции со пристап до судскиот систем на податоци (статистички податоци, судски податоци, процедури за избор, извештаи и анализи), на редовна основа да ги објавуваат овие податоци.**

Правото на пристап до податоци во судскиот систем произлегува од правото на информирање кое има за цел да овозможи пристап до информации, обезбедувајќи еднаков пристап до нив. Отвореноста на јавните власти за обзнанување на информации

претставува еден од предусловите за добра држава и овозможува изградба на взаемна доверба меѓу судството и граѓаните.

Во Полска, Граѓанска мрежа за надзор на Полска е една од главните организации кои се залагаат за остварување на граѓанското право на дознавање како власта и државните институции работат. Пристапот до овие информации овозможува шанса за влијание врз оние кои носат одлуки и врз управувањето со јавните средства. Мрежата смета дека е важно да се обезбеди пристап до документите, како на пример пресудите и нивната оправданост, договорите и информациите за дополнителните приходи на судиите, за возраста и местото на живеење на судиите, како и за било кој финансиски документ, вклучувајќи ја и имотната состојба на судиите. Успешно се привлекува вниманието по однос на недостатокот на едноставен пристап до статистички податоци за судскиот систем и континуирано се залага за објавување на финансиските изјави на судиите. Ова второво е високо контравезно прашање поради неговата сензитивна природа и навлегува во сферата на приватниот живот на судиите.

Друг добар пример доаѓа од Словачка. Транспаренси интернешнл Словачка отвори веб страна „otvorenesudy.sk“ (Отворени судови), користејќи јавно достапни податоци, овозможувајќи информации за функционирањето на судството во земјата. На пример, преку користење список на имиња на судиите, овозможено е да се добие увид кој судија каква пресуда донел. Исто така е овозможно да се види видот и бројот на предметите со кои се справува одреден судија, како и да се добие информација за тековниот избор/назначување на судиите со конкретни имиња на кандидати и позиции за кои се имаат пријавено.

Во Западен Балкан, Албанскиот центар за предмети од јавен карактер (INFOÇIP), спроведе тематска евалуација за одложувањата на судските постапки и за изрекувањето на судските одлуки. Истражувањето беше спроведено од 2014 до 2015 година и ги опфати Високиот суд, Апелацискиот суд на Тирана и Судовите од прв степен во Тирана и Драч. Благодарение на пристапот до информации, како што се информациите за поднесоците од страна на странките и датите кога судските одлуки биле искомуницирани со засегнатите странки, INFOÇIP процесуираше информации на начин што дозволи идентификација на судии и судски тела кои ги имаат изречено таквите одлуки. Како резултат на проектот, Министерството за правда спроведе неколку инспекции врз судиите за кои имаше наводи за процедурални ирегуларности, посебно во поглед на одложувањето, со цел да се обезбедат пишани причини за судските одлуки.

6. **Од важност е да се воспостави соработка помеѓу судството и невладините организации што ќе дозволи размена на искуства и навремени повратни информации. Таквата соработка може да биде од особено значење во едукативните проекти кои би вклучиле национални училишта за судство и активности за надзор на судовите.**

Со цел спроведување активности во областа на судскиот систем, неопходно е да се соработува со лица кои се дел од судскиот систем вклучувајќи судии, обвинители, судски службеници и службеници од обвинителството. Редовните средби меѓу граѓанското општество и судството даваат можности за јакнење на меѓусебната доверба и желба за соработка на двете страни. Таквите средби би биле од посебно значење доколку се поставени на ниво, национални училишта за судство-НВОа. Тоа би ја „намалило разликата" меѓу двете страни и позитивно би влијаело на перцепцијата за транспарентноста на нивните активности преку потврдување на желбата за спроведување дијалог кој ги вклучува двете страни.

Во Србија ЈУКОМ покани судии да учествуваат во шест панел дискусии организирани во Нови Пазар, Неготин, Ваљево, Ниш, Нови Сад и Белград. Во текот на овие интерактивни средби, беше дискутирана улогата на секој од трите главни актери во кривичната постапка за справување со корупцијата-судството, обвинителството и полицијата. Учесниците разговараа за пречките и предусловите за поефикасни кривични коруптивни постапки, а настојуваа и да основаат платформа за комуникација и соработка меѓу третиот сектор и претставниците на судскиот систем. Состаноците резултираа во заедничка публикација која вклучи гледишта и препораки обработени во рамките на дискусијата.

Во Полска и покрај тоа што нема традиција за редовни средби, Судското училиште започна со организација на настани за своите студенти, поканувајќи одредени НВОа (пр. Фондацијата за надзор на судовите на Полска). Се советува ваквиот приод да продолжи. Како еден вид востановена норма е денес кога се организираат настани од типот на конференции и семинари, Националниот судски совет (НСС) да покани претставници од одбрани невладини организации. Невладините организации учествувале во серија состаноци посветени на спроведувањето на пресудите од ЕСЧП. Досега НСС организирале три состаноци од ваков вид.

7. **Се охрабрува учеството на невладините организации во официјалните судски тела или во релевантните тела за функционирање на судството и изборот на судиите (судски совети, консултативни тела, друго). Ваквата застапеност ќе обезбеди различни позиции да бидат земени предвид, додека пак телата релевантни за судството да претставуваат форум отворен за учество на широк спектар актери.**

Разгледувајќи ги извештаите за земјите доставени од страна на проектните партнери, се чини очигледно дека во ниедна земја не постои добро востановена пракса за поканување на претставници од невладините организации да учествуваат во официјалните судски тела релевантни за судството. Присуството на невладините организации може да обезбеди поширока перспектива која би довела до позитивни промени во судскиот сектор. И додека невладините организации се само повремено застапени во консултативните тела, не

постои пракса за обезбедување нивно редовно учество како на пример, номинирање претставник од третиот сектор во секое тело релевантно за судството. На пример, словачкото право дозволува претставниците на невладините организации да бидат застапени во официјалните судски тела (како на пример Судскиот совет или дисциплинските сенати), но досега никому од третиот сектор таква можност не му била понудена .

Пример на добра практика доаѓа од Албанија каде невладините организации на редовна основа се застапени во Државната комисија за правна помош. Комисијата е составена од пет члена од кои еден е од невладиниот сектор. Ваквиот состав дозволува претставниците од невладините организации да дадат мислења по прашања од областа на Комисијата, како на пример бесплатната правна помош која дозволува подобар пристап до судовите.

8. **Од важност е отворање на поголем број државно-административни финансиски можности за правосудниот систем, каде невладините организации заинтересирани да спроведат истражување по различни аспекти од правосудството, би можеле да конкурираат на отворени и транспарентни конкурси.**

Активностите на невладините организации со судството се најчесто од ограничен карактер поради недостатокот на финансирање. Оттука се охрабруваат државните институции кои располагаат со финансиски средства да го обезбедат третиот сектор со соодветни финансики можности. Финансирањето ќе биде распоредено преку отворени и транспарентни конкурски на кои ќе им претходат повици за поднесување предлози. Треба да се гарантира дека ваквото финансирање нема да оди во „државните НВОа“ туку ќе биде распределено врз основа на објективни критериуми.

Невладиниот сектор во вишеградските земји како Полска, Република Чешка и Словачка, по пристапувањето кон Европската Унија се соочи со значително намалување на странската финансиска помош. Оттука е важно да се обезбедат финансиски можности. Навраќајќи се на Република Чешка-судството не се наоѓа на листата шеснаесет клучни области каде владата нуди финансирање за невладините организации. Областите прифатливи за финансирање, како на пример човекови права, еднакви можности, заштита на потрошувачи и дискриминација, се индиректно поврзани со судството. Судско профилираните проекти предвидуваат вклучување на една од овие прифатливи области како свој примарен фокус, но главниот фокус каде би било само судството, недостига. Слично-Полска, соседот на Република Чешка не нуди финансиски можности за проекти кои се фокусираат на судството. Во 2015 година полското министерство за правда започна специјална програма за соработка помеѓу Министерството за правда и невладините организации обезбедувајќи можност за финансирање во форма на донации и

кофинансирање. Програмата е што туку објавена и ќе почекаме со проценка на нејзината успешност до нејзиното целосно спроведување.

Финансиските проблеми опстојуваат не само во земјите на Вишеград. Во Албанија не постојат многу домашни финансиски можности. Државното финансирање е овозможено преку министерствата и преку Агенцијата за поддршка на граѓанското општество, но постои недостаток на јасни правила и транспарентни процедури кои се однесуваат на распределувањето на грантовите. Дотолку повеќе што процедурите за финансиското распределување се вклучени во внатрешните регулативи на соодветните министерства што на севкупниот процес му дава дури и поголема нејаснотија.

9. **На јавни дебати невладините организации да бидат во можност да дадат мислење за функционирањето на судството. Таквите јавни дебати ќе бидат суштински, ќе се стремат целат кон решавање на проблемот и кон стекнување на знаење.**

Јавната дебата е многу значајна во секој процес на одлучување. Дозволувајќи им на различните актери да го искажат своето мислење по област, како на пример судството, обезбедуваме носење на добро образложени одлуки. Исто така, органите кои се сметаат за одговорни и се следат преку јавна дебата, се помалку склони кон злоупотреба на својата моќ. Невладините организации се важен актер кој учествува во јавната дебата и може да доведе до позитивна промена во судството. На пример, во Полска постои недостаток на разумна јавна дебата за судството. Судството често станува жртва на напади и популистички аргументи. Во Македонија недостатокот на јавна дебата по прашања за судството останува и понатаму еден од најголемите проблеми заедно со недостатокот од соработка или дијалог на државата за системот на судството .

Во Република Чешка, Транспарентност интернешнл спроведе проект насловен како „Транспарентноста и независното функционирање на судството“ кое се стреми кон олеснување на јавната дебата и размена на гледишта помеѓу судството и политичарите. Транспарентност интернешнл докажа дека како организација почитувана од двете групи и со високо влијание на јавните дебати, може успешно да ја игра улогата на олеснувач или медијатор помеѓу политичкото застапување и претставниците на судството.

Во Словачка бројни невладини организации (вклучувајќи ја Алијансата за фер игра, Транспарентност интернешнл Словачка и Via Iuris) делуваат како независен глас на јавната дебата коментирајќи прашања за судството. Via Iuris организира годишни експертски конференции за пристапот до судството кои се добро посетени од страна на судиите. Преку овие активности беше возможно успешно да се користи оваа размена на мислења како алатка за подигање на јавната свесност за судскиот систем.

**Препораки за невладините организации:**

1. **Здруженија на судии се природни сојузници на невладините организации. Здруженијата на судии и невладини организации да направат напор за градење ефикасни канали на комуникација. Ова ќе им овозможи на судиите да ги разберат невладините организации, додека пак невладините организации подобро да ги разберат ставовите и мислењата на судиите.**

Здруженијата на судии може да играат улога на природен сојузник и посредник помеѓу судството и третиот сектор. Судските здруженија отворени за контакт, може да бидат важен партнер на невладините организации. Најчесто, добро етаблираните и познати невладини организации се во најдобра положба да ги пренесат своите препораки и идеи до судските здруженија, сепак таквата комуникација не ги исклучува помалите организации кои доста често имаат интересни и корисни идеи за нив.

Во Полска организациите како Институтот за право и општество (ИНПРИС) и Хелсништата фондација за човекови права (ХФЧП) соработуваат со судските здруженија на бројни проекти. Нивната соработка предвидува заеднички иницијативи, како на пример конференции (пр. конференција взаемно организирана од ИНПРИС и судската асоцијација ТЕМИС во Врховниот суд за разгледување на судските одлуки), работилници (пр. Асоцијацијата ТЕМИС и ИНПРИС организирале серија семинари за судии и НВОа по административно право) и истражување (пр. проектот „Ефикасно судство. Собирање на најдобри практики“ взаемно спроведен од ХФЧП и судската асоцијација Јустиција). Исто така во Словачка две организации, Алијансата за фер игра и Via Iuris, во соработка со судската асоцијација за отворено судство организираа обуки за судиите по судска етика. Ваквото мешано учество на различни актери го зацврстува општото влијание на активностите за обука.

Во Западен Балкан, Македонското здружение на судии (МЗС) работи на заеднички проект со Фондацијата Отворено општество-Македонија (ФООМ). Проектот беше реализиран од 2008 до 2010 година и се фокусираше на анализа на одлуките за притвор. Соработката со судските здруженија вклучува и судии во настани организирани од страна на невладините организации и обратно.

2. **Организациите од третиот сектор да изградат коалиции на НВОа специјализирани во иста област (на пример работа на прашања за независноста на судството) со цел постигнување на заедничката цел.**

Учеството на невладините организации во групи со повеќе чинители им дозволува на организациите да им се чуе гласот кај оние кои носат одлуки. Од аспект на власт,

коалициите овозможуваат учество на координиран начин многу повеќе отколку поединечни НВОа презентирајќи ги своите ставови одвоено. Коалициите кои се претставени од повеќе НВОа, некои од нив добро етаблирани и познати, имаат подобра шанса да дојдат до посакуваната промена отколку секој од нив поединечно. Креирањето на коалиција за постигнување на заедничка цел може да биде од значење за оние НВОа кои работат на теми од областа на судството.

Добар пример за таква „федерализација“ на НВОа е македонската коалиција „Сите за правично судење“, составена од 19 НВОа кои одлучиле да ги набљудуваат судските постапки низ земјата со цел запазување на правото за правично судење, јакнење на јавната доверба во судството и иницирање правни реформи. Коалицијата основаше форум кој дозволи размена на гледишта меѓу претставниците на невладините организации и судиите. Оваа платформа на комуницирање им овозможи на невладините организации заедно со претставниците на судството да ги разгледаат и дискутираат своите извештаи.

Во Полска ИНПРИС влезе во коалиција со други невладини организации како Хелсиншката фондација за човекови права и полската секција на Меѓународната комисија на правници со цел спроведување на набљудувањето на изборот и номинацијата на кандидати за јавни позиции во Полска. Набљудувањето опфаќа избор на судии во Уставниот суд, Генерален обвинител, Омбудсман и Главен комесар за заштита на личните податоци. Коалицијата издаде бројни повици во врска со скорешниот избор на судии во Уставниот суд. Документите беа широко разгледани во медиумите, како и цитирани во Парламентот што го нагласува потенцијалот од таквите повеќебројни коалиции. Слично и во Словачка, коалиција на НВОа ја следи постапката за избор на кандидати за судии.

3. **Од важност е истражувањето на невладините организации по однос на судскиот одговор за актуелните проблеми да даде резултати кои може да се користат во секојдневното работење на судовите или во реформите на судскиот систем.**

Истражувањето спроведено од страна на невладините организации може истовремено да катализира и поттикне реформи на судскиот систем. Давајќи информации и анализи, невладините организации ги опфаќаат актуелните проблеми со кои се соочува судството и може да придонесат кон подобро разгледување на одлуките од страна на властите, барем што се однесува до секоја систематска реформа. На ниво на судската дневна работа таквото истражување може да биде од корист. Пример за такво емпириско истражување доаѓа од Полска каде Фондацијата за надзор на судовите на Полска во 2010 година отвори граѓанска програма за следење на окружните судови. Од својот почеток спроведени се 14,500 набљудувања на судски предмети (2,500 во првиот циклус, 5,000 во вториот и 7,000 во третиот циклус). Набљудувањата од првиот и вториот циклус доведоа до промена која беше видлива во третиот циклус од истражувањето. На пример,

организацијата посочува дека додека во вториот циклус 46% од сите судски сесии започнале навреме, во третиот циклус овој број се зголемил на 55%. Судиите биле порасположени да се извинат или да ги објаснат причините за доцнењето. Многу поретко обвинителите влегувале во судниците задржувајќи се внатре со судиите додека останатите учесници чекале надвор од судницата. Судскиот надзор забележал дека подобрувањето било поочигледно во судовите набљудувани со поголем интензитет во текот на првите два циклуса.

Во Словачка две НВОа-Алијансата за фер игра и Via Iuris, спроведоа набљудување на Судскиот совет што им дозволи да ја следат секоја ситуација на нефункционирање внатре во самото тело. Овие активности вклучуваат следење на дисциплинските постапки против судии со што им се овозможи на овие организации да ги документираат инстанците за злоупотреба на дисциплинските процедури .

Малку југоисточно од Словачка, во Македонија, Центарот за правно истражување и анализи спроведува проект кој се стреми кон развивање на индикатори за мерење на перформансите на судството. Проектот ги анализира македонските судски пракси врз основа на принципите на инклузивност и транспарентност, земајќи ги предвид независноста на судиите, професионализмот и обуките, инспирирани од Американската правосудна асоцијација за индекс на судски реформи. Проектот предвидува широк консултативен процес со чинителите, како и веб форум. Бидејќи е се уште во тек, проценката на неговите вистински импликации ќе биде направена во иднина, но самата иницијатива делува веродостојно.

4. **„Ништо за нас без нас“ – невладините организации да ги поканат судиите и судските здруженија за да ги анализираат и коментираат резултатите од својата работа. Од важност е да се разгледуваат идеи, истражувања и заклучоци со групата на која истите се однесуваат.**

Невладините организации ќе се стремат кон отпочнување на култура за соработка помеѓу нив и судството. Ќе ги презентираат заклучоците од своето истражување во форма на дискусија или работен состанок, а не како „препораки што треба да се спроведат“. Претходното ќе им се дозволи заеднички дијалог и градење на разбирање помеѓу двете групи. На пример, може да се организираат консултативни состаноци на кои би учествувале судии од специфични судови или одделенија на суд кои биле предмет на набљудување од страна на невладините организации. Судиите не треба да го имаат чувството дека се испрашувани. Токму напротив, тие треба да се дел од иницијативата на граѓанското општество која ќе се стреми кон подобрување на судскиот систем.

Пример на добра пракса доаѓа од Македонија. Коалицијата Сите за правично судење покани судии да ги коментираат резултатите од набљудувањето на кривичните и

коруптивни предмети. Извештајот од проектот беше публикуван во јуни 2015 година, а неговите резултати беа презентирани и дискутирани заедно со судиите и правните експерти.

Во Албанија, „Анализата на судскиот ситем во Албанија“ подготвена во рамки на судскиот реформски процес од страна на истакнати експерти на Ад хок парламентарниот комитет за реформи во судскиот ситем, имаше корист од придонесите дадени од сите битни чинители (вклучувајќи ги и невладините организации). Анализата беше изготвена на начин што дозволи точна проекција на статистиките, публикациите и препораките дадени од домашните чинители, како на пример локалните НВОа активни во судската област. Документот, вклучуваќи екстензивни и проверени податоци кои во себе содржеа гледишта на различни чинители во областа на судството, даде основа за ориентирани реформи одредени од вистинските потреби и проблеми на системот надвор од краткорочната политичка агенда.

## Препораки што се однесуваат на судството:

### 1. Да се подобри транспарентноста на судските постапки и редовното следење на судската власт, предуслов за ефективен систем на правда.

Набљудувањето на судските постапки може да ја зголемат јавната отчетност на судскиот систем. Преку транспарентност и дозволувајќи присуство на набљудувачи за време на постапките, судовите и покажуваат на јавноста како ги извршуваат своите општествени функции. Присуството на набљудувачи помага да се елиминираат лошите практики и да се промовираат примери на добра пракса. Битно е да се направи јасно разграничување помеѓу „набљудување на судот“ и обидите да се направи надзор над судиите. За да се постигне тоа важно е невладините организации да ги познаваат законските ограничувања на транспарентноста на судските постапки.

Полезноста од ваквото набљудување беше демонстрирано во проектот „Набљудување на Судскиот совет на Република Словачка“ спроведен од страна на словачката организација-Алијана за фер игра. Од 2011 година, Алијансата присуствуваше на сесии на Судскиот совет на Република Словачка оценувајќи ги нивните активности. Проектот беше од големо значење бидејќи се спроведе во период кога словачкото судство беше во криза поради контравезната политика на Министерството за правда. Алијансата за фер игра забележа дека улогата на Судскиот совет дегенерираше бидејќи стана алатка за сузбивање на вредностите, како независноста и високите професионални стандарди во судството. Организацијата играше значајна надзорна улога давајќи и на јавноста информации од сесиите на Советот во форма на коментари на социјалните мрежи и блогови.

Во Србија ЈУКОМ спроведе проект насловен како „Регионална акција против корупцијата: поддршка на судството во борбата против корупцијата на Западен Балкан“. Проектот предвиде набљудување на кривичните предмети во три земји од Западен Балкан-Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. Проектот докажа дека граѓанското општество може да биде силен фактор и партнер на судството и на другите државни механизми во борбата против корупцијата. Проектот ја нагласи важноста за основање добро ниво на комуникација и координирани активности меѓу сите актери вклучени во борбата против корупцијата, вклучувајќи државни органи, судови и невладини организации.

Активностите за „набљудување на судовите“ може да водат кон основање соработка помеѓу судовите и невладините организации што е докажано преку активностите на Полското општество за антидискриминаторско право (ПСАЛ). ПСАЛ изгради партерство со судовите со цел да ги истражи судските записи и да ги интервјуира судиите. Една од добрите практики спроведени во текот на постапките беше најпрво да се информираат претседателите на судовите за проектот пред да се отпочнат било какви конкретни

проектни активности. Ова резултираше во основање ефикасна соработка помеѓу ПСАЛ и судовите дозволувајќи им да ги добијат материјалите од истражувањето.

2. **За судовите не е само од важност да делат правда туку и да покажат дека правдата им е овозможена на луѓето. Судството да соработува со општеството користејќи политика за заедничка комуникација преку пристапни канали. Така ќе бидат отворени за соработка со невладините организации преку кои ќе комуницираат со општеството.**

Невозможно е да се доближи општество до судството без учество, согласност и желба на втората страна (судството). Таквиот недостаток од комуникација е причина за многу низок праг на доверба на граѓаните кон судството. Судовите се често невољни да и ја објаснат својата работа на јавноста со што оставаат впечаток кај граѓаните за далечни и одбивни. Токму овде невладините организации стапуваат на сцена. Организациите од третиот сектор може да служат како посредници помеѓу судството и општеството преку организација на обуки, конференции и спроведување на проекти учиме право.

Во Полска, Полската асоцијација за правно образование беше вклучена во посредување на проектот учиме право. Проектот вклучи млади студенти од правните факултети кои направија обуки за работа во судовите на Полска. Обуките беа одржани на локации како училишта, затвори и библиотеки. Специфичниот карактер на проектот овозможи и за обучувачите и за учесниците да ползуваат преку подобрување на своето знаење и свесност за улогата и работата на судовите.

Во друга земја од вишеградската група-Словачка-Лигата за човекови права има значително искуство во едуцирање на граѓаните за судството. На пример, спроведува Клиники за законот за азил за студентите од Правниот факултет на Универзитетот Трнава. Клиниката е изборен курс од два семестра во текот на кои студентите може да ги следат судските сослушувања по предмети поврзани со азил и странци. Ова им овозможува стекнување увид во работата на судовите и спроведување на законот во пракса. Друга словачка организација, Via Iuris организира обука за човекови права за студентите по право. Организацијата ги презентира прашањата од областа на човековите права со судска пракса и им дава на студентите можност да учествуваат на судски симулации.

3. **Судиите да работат во согласност со својата професионална и морална обврска и да се заземат во случај на неправда или нерегуларност во судството.**

Судиите ќе работат во согласност со етичките кодекси барем што се однесува до нивниот личен кодекс на однесување. Тие исто така треба да бидат свесни дека имаат морална

обврска да делуваат доколку било каква нерегуларност како на пример корупција, се појави во судството. Ќе преземат соодветни чекори доколку станат свесни за било каква ситуација од ваков вид. Ова е од голема важност со цел да се одржи судската независност, објективност и да се избегне непрецизност. Земено предвид дека судството е група доста затворена за било кој однадвор, од важност е судиите да реагираат на одредени ситуации. Во овој поглед тие се најчесто подобро позиционирани отколку невладините организации кои остануваат надвор.

Особено релевантно е кога ќе дојде до судска криза, како онаа во Македонија. Македонскиот скандал за прислушување предизвика сомнеж за независноста во судството и доведе до многубројни реакции од страна на невладините организации. Организациите од третиот сектор учествуваа на јавни дебати со цел да придонесат во испораката на балансирани информации. Она што недостасуваше беше координирана реакција од страна на судството кое доста цврсто е поврзано со несоодветното однесување на оние кои се прислушувани.

Во Словачка како реакција на пасивната улога на Словачкото здружение на судии, беше основано алтернативното здружение на судии „За отворена правда“. Новосоздадената асоцијација е отворена за јавна дебата и промовира дијалог по прашање на судската етика. Ова здружение е познато дека отворено зборува за проблемите во судството, нешто што го разликува од Словачкото здружение на судии кое генерално не зазема никаков став во поглед на било какво несоодветно однесување. Неизненадувачки е и фактот дека здружението на судии „За отворена правда“ брзо стекна доверба кај јавноста.

4. **Судиите да играат главна улога во дефинирањето и обезбедувањето на судската независност. Да бидат подготвени да делуваат доколку судската независност стане предмет на напад. Сојузник во овој процес ќе се најде во невладините организации**

Судиите ќе работат во согласност со етичките кодекси барем што се однесува до нивниот личен кодекс на однесување. Тие исто така треба да бидат свесни дека имаат морална обврска да делуваат доколку било каква нерегуларност како на пример корупција, се појави во судството. Ќе преземат соодветни чекори доколку станат свесни за било каква ситуација од ваков вид. Ова е од голема важност со цел да се одржи судската независност, објективност и да се избегне непрецизност. Земено предвид дека судството е група доста затворена за било кој однадвор, од важност е судиите да реагираат на одредени ситуации. Во овој поглед тие се најчесто подобро позиционирани отколку невладините организации кои остануваат надвор.

Судството изложено на каков било надворешен притисок што може негативно да влијае на неговата независност и објективност, може да најде свој сојузник во невладиниот сектор. Декларациите и повиците на невладините организации кои ги третираат ваквите прашања може да привлечат многу влијание и оттука да придонесат кон добро информирана дебата за ситуацијата во судството во земјата.

Бидејќи здруженијата на судии и обвинители се активни во заштита на интересот на судството во Албанија, невладините организации заземаат став само во случаи кои претставуваат тешка злоупотреба или сериозни инциденти во судството, како на пример нарушување на независноста на судиите.

Во Полска, Хелсиншката фондација за човекови права редовно излегува со ставови и соопштенија во одбрана на судската независност. На пример, спроведува стратешко водење во случај кога помошник судија добива позитивни коментари од Националниот судски совет за назначување во судија, но неговото назначување е одбиено од страна на претседателот.